Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2003 година.

Бр. 07-6710/1
29 декември 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 29/2002), во членот 7 став (2) зборовите: "1 јануари 2004 година" се заменуваат со зборовите: "датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување согласно со членот 58 став (4) на овој закон".

Член 2

Во членот 25 став (4) зборовите: "1 јануари 2004 година" се заменуваат со зборовите: "датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување согласно со членот 58 став (4) на овој закон".

Член 3

Во членот 58 став (2) зборовите: "од ставот (1) на овој член" се заменуваат со зборовите: "кои прв пат пристапиле во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување по датумот утврден во ставот (4) на овој член".

Во ставот (3) зборовите: "1 јануари 2003 година" се заменуваат со зборовите: "датумот на издавање на дозволите за основање на друштва согласно со членот 34 став (1) на овој закон".

Во ставот (4) зборовите: "1 јануари 2004 година" се заменуваат со зборовите: "датумот на издавање на првата континуирана емисија на државни обврзници, но не подоцна од шест месеци од тој датум. Датумот кога ќе започне уплатата на придонесот го утврдува Владата на Република Македонија и го објавува во "Службен весник на Република Македонија"."

Член 4

Во членот 62 став (1) зборовите: "1 јануари 2004 година" се заменуваат со зборовите: "датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување согласно со членот 58 став (4) на овој закон".

Член 5

Во членот 78 став (2) зборовите: "1 јануари 2003" се заменуваат со зборовите: "датумот утврден во членот 58 став (3) на овој закон".

Член 6

Во членот 106 став (5) во првиот и во шестиот ред зборовите: "1 јануари 2004 година" се заменуваат со зборовите: "датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување согласно со членот 58 став (4) на овој закон".

Член 7

Во членот 130 став (1) точка 2) зборовите: "1 јануари 2004 година" се заменуваат со зборовите: "датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување согласно со членот 58 став (4) на овој закон".

Член 8

Членот 138 се менува и гласи:

"Осигурениците кои прв пат пристапуваат во задолжително пензиско и инвалидско осигурување по 1 јануари 2003 година, а пред датумот утврден во членот 58 став (4) на овој закон, должни се да се зачленат во пензиски фонд во рок од три месеци сметано од датумот утврден во членот 58 став (4) на овој закон".

Член 9

Во членот 139 зборовите: "во периодот од 1 јануари 2003 до 31 декември 2003 година" се заменуваат со зборовите: "кои по 1 јануари 2003 година".

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".